| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Децата и екологија |
| **Содржина на денот** | Еко дете |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Како правилно да се однесуваме надвор за да се заштитме и себе си и другите. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со утврдување на знаењата за пролетта. Кога се буди природата, кои се први пролетни цвеќиња, кои птици се преселници , а кои остануваат кај нас, како и кој ја буди природата, како можеме да рециклираме и твориме од рециклиран материјал. Што можеме да направиме на природата да и помогнеме.<br>Потоа прочитајте го текстот на стихотворбата „Едно екодете“ (види во прилог-„Разиграни Чадорчиња“-автор Ели Маказлиева).<br>Објаснете им ги на децата непознатите зборови доколку ги има и водете разговор за содржинта на стихотворбата. Потоа стих по стих , строфа по строфа заучувајте ја стихотворбата. Потрудете се детето да ја усвои целата стихотворба.<br>На крај поттикнувајте го детето самостојно (каде е потребно помогнете) да ја рецитира стихотворбата.<br>Исто така објаснете им на децата кој и како ја загадува природата и како можеме да ја заштитиме и сочуваме истата. Затоа можете со Вашето дете направете еколошки пораки, излезете во најблискиот парк и залепете ги насекаде за да ги читаат сите со цел зголемување на свеста кај луѓето.<br>Учете ги Вашите деца како можат да ја заштитат и сочуваат природата и нашата единсвена планета Земја. |